Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 04-11-2022
Орг. Един. 01 | Број: 1803/7 | Прилог: | Вредност:

**До Деканатот на Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески" – Скопје**

**Од катедрата за општа**
**и компаративна книжевност**

**Предмет:** Извештај на катедрата за општа и компаративна книжевност за дејноста во учебната 2021-2022 година

Почитувани,

Ни претставува чест да Ве известиме дека во учебната 2021-2022 година наставната програма на катедрата за општа и компаративна книжевност, според акредитираните програми од 2018 година, беше целосно реализирана комбинирано, преку онлајн настава и преку настава со физичко присуство. Во реализицијата на наставата учествуваше целиот кадар на катедрата, како редовно вработените наставници (професорите д-р Елизабета Шелева, д-р Маја Бојаџиевска, д-р Славица Србиновска, д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, д-р Владимир Мартиновски, д-р Марија Ѓорѓиева-Димова и доц. д-р Кристина Николовска), така и странските лектори, Такеши Мацунага (по јапонски јазик), Канг Хе (по кинески јазик) и Петра Канг (по корејски јазик). Во оваа учебна година во изведувањето на наставата катедрата ангажираше и еден демонстратор (м-р Ведран Диздаревиќ, докторанд), како и стручњак од практиката (м-р Ана Вељановска, средношколска професорка).

Сите наставници редовно ги извршуваа обврските со часовите, според усвоената ангажираност на ННС, како и испитите и консултациите, користејќи ги дигиталните платформи, а сите пријави беа навремено доставувани во Отсекот за студентски прашања во предвидените рокови. Со оглед дека во наредните учебни години, ќе почне да се одвива смена на генерации на

наставниот кадар, во текот на учебната година до Деканатот беше упатено барање за започнување процедура за вработување на асистент-докторанд при катедрата, а се очекува тоа барање да се реализира во текот на тековната учебна година.

Покрај редовните обврски со наставата, во извештајниот период сите наставници учествуваа на научни конференции, симпозиуми и собири, а и објавиле монографии и статии во научни списанија и зборници со научни трудови. Наставниот кадар на катедрата беше активно вклучен и во факултетските тела и работни групи кои работата на новите наставни планови на сите три степени, кои треба да се акредитираат во текот на 2023 година. Катедрата навремено ги предаде сите предвидени елаборати.

Во текот на оваа учебна година, во фокусот на заедничкиот интерес на членовите на Катедрата беше и организирање на Меѓународна научна конференција по повод јубилејот 40 години од основањето на катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ. Со таа цел, беше оформен Организациски одбор во кој членуваа сите наставници од катедрата и библиотекарот. Во соработка со редакцијата за документарна програма на МТВ и со новинарката Билјана Стојчевска-Зеревска во текот на учебната година на Факултетот беа организирани снимања за специјално издание на емисијата „Витраж" посветено на Катедрата за ОКК. Меѓународната конференција „Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век" се одржа онлајн, на 15 и 16 октомври 2021 година. На конференцијата беа презентирани 40-тина реферати од областа на компаративната книжевност, а во тек е нивно собирање и редактирање со цел да се објави зборник.

Целиот наставен кадар од Катедрата учествуваше во активностите во рамките на годишната програма за чествување на јубилеите на Факлултетот: 100 години од раѓањето на Блаже Конески и 75 години од основањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Наставниците од Катедрата учествуваа и во снимањето на документарниот филм за Филолошкиот факултет, во продукција на МТВ, во приготвувањето на јубилејната Монографија и брошура за Факултетот, како и во Огранизацискиот одбор за

јубилејната конференција. Наставниците од катедрата и на Факултетот, но и во културната јавност во извештајниот период извршуваа значајни функции: Продекан за наука и меѓународна соработка (д-р Маја Бојаџиевска), Претседателка на Управниот одбор на СВП и Потпретседателка на Македонскиот ПЕН (д-р Елизабета Шелева), Претседателка на ЗККМ и Раководителка на докторските студии за насоката Наука за книжевноста (д-р Славица Србиновска), Член на комисијата за странски издавачи при Министерството за култура (д-р Лидија Капушевска-Дракулевска), член на жири-комисиите за наградата „Браќа Миладиновци" на СВП и за студентски есеј „Блаже Конески" (д-р Марија Ѓорѓиева-Димова), член на Управниот одбор на Меѓународната асоцијација за семиотика и амбасадор на наградата „Вавилон" (д-р Владимир Мартиновски), Раководителка на меѓународниот проект „Воведување на медиумската писменост за идните филолози" (д-р Кристина Николовска).

Во текот на учебната година, библиотекарот Дарко Митевски доби решение за редовен работен однос, а беше ангажиран и во приготвувањето на елаборатите за акредитација за прв, втор и трет циклус студии. Во текот на учебната година, во библиотеката на катедрата за ОКК беа донирани околу 700 книги од легатите на Богомил Ѓузел, Лилјана Дирјан и Лилјана Узуновиќ, а сите книги се евидентирани во книжниот фонд и се достапни за студентите.

Оттука, можеме да констатираме дека во изминатата учебна 2021-2022 година, катедрата за општа и компаративна книжевност ги оствари сите зацртани обврски и планови, како на наставен и научен план, така и во одбележувањето на јубилеите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Во прилог Ви ги доставуваме и индивидуалните извештаи на наставниците од Катедрата, доставени до 4 ноември 2022 година.

Скопје, 04.11.2022

проф. д-р Владимир Мартиновски
Раководител на катедрата за општа
и компаративна книжевност

**Извештај**
за работата на проф. д-р Елизабета Шелева
учебна **2021- 2022** година

**Наставна дејност**

прв циклус студии: *Критички методи* 1 и 2, *Компаратистички методи, Културолошки методи*

втор циклус студии: *Идентитет, другост, литература, култура*

трет циклус студии*: Род и жанр (поетика на егзилот)*

**Учество во работата на факултетот**

Член на Одборот за втор циклус студии

Член на Одборот за одбележување на 75 години од основањето на Филолошкиот факултет

Член на Организациониот одбор за одбележување на 40 години од основањето на Катедрата за ОКК

**Учество на научни собири**

1. – „Милан Ѓурчинов - основач и доајен на македонската компаратистичка школа", реферат на Научен собир по повод **40 год**, од основањето на Катедрата за ОКК, 15 октомври 2021
2. - „Новите предизвици на компаратистиката во 21 век: подемот на транс-националната литература", реферат на Научен собир по повод **40 год**, од основањето на Катедрата за ОКК, 15 октомври 2021
3. -" Конески во 21 век", реферат на **меѓународниот** научен собир по повод **75 год**, од основањето на Филолошки факултет, 13 декември 2021
4. - "Writing In & On Diasporic Nostalgia", international conference: Diasporic Voices: Tears, Silences, Laughter; Babes-Bolyai University, Cluj Napoca, 14.IV. 2022
5. - "Странствувањето како генеративен принцип во творештвото на Горан Стефановски", реферат на 49 Научна конференција на Семинарот за македонски јазик и книжевност, Охрид, 4 септември 2022 г

**Учество во дебати, трибини, јавни настапи**

1. „Гозба или за љубовта", меѓународна дебата „Во постојан отпор," фестивал за критичка култура „Крик", Чифте амам, Скопје, 23 јуни 2022
2. „Women Writers on the Balkan", онлајн дебата "Our Writing, Our Resistance", Annual Meeting of WWC PEN International, 8 mart 2022
3. Свечена беседа за Амир Ор, лауреат на Златниот венец на СВП, Калишта, Струга, 28 август 2022

4. "Thinking With The Balkans", debate & critical interventions with prof. Boaventura Santos and prof. Ian Chambers, "Critical Re-Examination of Law", Даут пашин амам, Скопје, 29 септември 2022

**Објавени трудови**

**1.** **-„**Невидливата читанка на шумата и моќта на женското паметење**"**, беседа за Керол Ен Дафи, Стожер, Скопје, бр 140 (3) 2021 г.

**2.** - Модалитети на другоста во литературата (бегалецот како внатрешна другост), *Елементи*, бр. 2, 2021

**3.** - *„Книга 2020"*, Магор, Скопје, 2021 г (обем: 300 стр)

**Други активности**

Претседателка на Управниот одбор на СВП

Потпретседателка на Македонскиот ПЕН центар

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 година
на д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор
на Катедрата за општа и компаративна книжевност

## 1. Наставна актива:

Во учебната 2021/2022 година редовно ги изведував предавањата и испитите по предметот *Компаративни поетики* за студентите од Катедрата, курсеви:

- „Поетика на симболизмот" – во зимскиот семестар со фонд на часови: 4+0
- „Постмодернистички поетики"– во зимскиот семестар, со фонд: 4+0
- „Поетика на романтизмот"– во летниот семестар со фонд на часови: 4+0
- „Модернистички поетики на 20 век"– во летниот семестар со фонд: 4+0
- Изборни курсеви: „Книжевна фантастика" (консултации) и „Романтизам и реализам: преиспитување на границите" (заедно со проф. д-р Марија Ѓорѓиева Димова).

Наставната програма е реализирана онлајн, со оглед на пандемиската ситуација. Почитувани се формите што ги подразбира ЕКТС: перманентно оценување преку пишувани есеи и семинарски, како и усни испити спроведени по електронски пат (февруари) и во живо (јунски и септемвриски испитен рок). Бев ментор на четири дипломски работи.

## 2 Научна актива:

а) *Список на објавени трудови:*

- *Авторот во огледало*. Скопје: Полица, 2021, 368 стр.
- *Teška noć*: antologija suvremene makedonske fantastične priče (prir. L. K. Drakulevska). Predgovor: Noćne čari fantastike, str. 5-13 (prevod: S. Beganović). Skoplje, Izraz, 2021, 252 str.
- (заедно со А. Ѓурчинова и Б. Карапејовски, „Од архива до публикација (кон VI том од критичкото издание на Блаже Конески)". *Македонска книжевна архива: од ракопис до дигитална култура*, Меѓународна научна конференција по повод 40 годишнината од постоењето на Институтот за македонска литература и 100 години од раѓањето на Блаже Конески. Скопје, 29 и 30 јуни 2021 година. *Спектар* бр 78. Скопје: Институт за македонска литература, 2021, стр. 103-115.
- Литературата секогаш била поле за разногласието *(Разговор со Владимир Јанковски). Културен живот*, бр. 3-4. Скопје, 2021, стр. 24-33.
- Емилија или „неподносливиот" шарм на детството. Поговор во: Влада Урошевиќ, *Мојата роднина Емилија*. Скопје: Арс Ламина-публикации, Арс Либрис, 2021, стр. 167-175.

- The Poet and the City (Ivan Dzeparoski, "City", Skopje: Mi-An, 2020). *The Macedonian PEN Review*. Skopje: Macedonian PEN Centre, 2021, pp. 108-109.
- Прослава на љубовта и на уметноста (кон романот „Лебед" од Ана Стојаноска, Скопје: Полица, 2021). *Стремеж* бр. 2, (год. 67). Прилеп, 2021, стр. 84-88.
- Поезијата како прибежиште. Поговор во: Славица Гаџова Свидерска, *Политики на стравот*. Битола: Восток, 2021, стр. 57-69.
- Ониричките фикции на Катица Ќулавкова. *Прилози*, МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука. Скопје: МАНУ (XLVI), бр. 2, 2021, стр. 273-283.
- Дијалог со Кортасар. *Context / Контекст 24*, Скопје, Институт за македонска литература, 2021, стр. 47-53.
- Што сè може да се спакува во еден куфер? (за „Гранична состојба" на Лидија Димковска). *Блесок* бр. 141, ноември-декември 2021 (двојазично, на македонски и на англиски јазик). Достапно на: www.blesok.com.mk
- Промоција на Годишниот зборник во рамки на прославата на патронатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, декември 2021 г. (онлајн)
- Конески во дијалог со странските поети. *МАНУскрипт*, Скопје, МАНУ, бр.1-2, 2021, стр. 55-79
- Италија – книжевна конвенција или биографија? Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир: *Италијанистиката во третиот милениум: новите предизвици во јазичните, книжевните и културните истражувања*, Скопје, 27-28 септември 2019 (ур. Александра Саржоска). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2021, стр. 343-359.
- Авангарда. Артизам. Имажиам. Ларпурлартизам. Мистификација. Модерна. Модернистички поетики. Ониризам. Романтизам. Симболизам. Фантастична книжевност. Фантастика. Чудесно. *Поимник на книжевната теорија* (второ дополнето издание), прир. Катица Ќулавкова. Скопје, МАНУ, 2021, стр. 20, 85, 237, 335, 389, 404, 408, 455, 543, 569, 672, 674, 737.
- Од кои состојки се направени расказите на Калина Малеска? Окно, 25.01.2022 г. Достапно на: https://okno.mk/node/92151
- Куфер полн мечти и соништа. Поговор во: Ерол Туфан, *Куфер*. ПНВ Публикации, 2022, стр. 67-75.
- Пет прошетки низ „поетската шума" на Зоран Анчевски (извадок од подолг текст). *Стожер*, год. XXVI, бр. 142 (1/2022), Скопје, ДПМ, стр. 33.
- Промоција на стихозбирката „Куфер" од Ерол Туфан. МКЦ, 11.04.2022 г.
- Промоција на збирката раскази „Скопје во високата зона" од Калина Малеска. Буква, 13.04.2022 г.
- Промоција на книгата за деца „Бамбино" од Ника Гавровска. Горки, 16.04.2022 г.
- За некои афинитети на Крамариќ за македонската книжевност. *Kultura, nacija & diplomacija* (Zbornik povodom 65. rođendana prof. dr. sc. Zlatka Kramarića). Osijek, Filozofski fakultet, svibanj 2022, str. 13-20.
- Промоција на стихозбирката „Великата лирска песна" од Санде Стојчевски. Библиотека „Браќа Миладиновци", 18.05.2022 г.

- Промоција на стихозбирката „Секој секому огледало" од Андреј Ал-Асади. МКЦ, 26.05.2022 г.
- Патување по сенката на поезијата (Разговор со Никола Маџиров). *Културен живот* бр. 1-2, 2022, стр. 6-16.
- Обид да се ѕирне во творечката лабораторија на Калина Малеска, *Културен живот* бр. 1-2, 2022, стр. 80-83.
- Промоција на теориската книга „Слободата на стихот" од Сузана В. Спасовска. Кинотека на Македонија, 16.06.2022 г.
- „Поетски созвучја: Конески vs. Блок и Гогољ". *XLVIII Меѓународна научна конференција* на LIV Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 3 и 4 септември 2021 година). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2022, стр. 536-544.
- „Poetry as Playfulness and as Riddle (On the Poetry of Vlada Urošević)" *Global Journal of Human-Social science: G Linguistics & Education*, Volume 22, Issue 9, 2022, pp. 22-31.
- „The Frankenstein Complex or The Disturbing Otherness." *Literature and Arts Review*, Volume 2022, pp. 23-31.

*б) учество на конференции:*

- Компаративните очила на Влада Урошевиќ. *Меѓународен научен собир по повод 40 години од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност.* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 15-16 октомври 2021 година.
- Поетот пред лицето на градот (Блаже Конески и Париз). *Меѓународен научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет".* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 13-14 декември 2021 г.
- Anastasija Gjurčinova, Lidija Kapuševska-Drakulevska, Europa tra locale e globale: riflessioni sull'identità transnazionale nelle opere di Goran Stefanovski. *9th Congress of the ESCL/SELC*, Rome, 5-9.09.2022.
- Поезија и меланхолија (низ призма на товрештвото на М. Ј. Лермонтов). *Меѓународен славистички научен собир „Славистиката во синхронија и дијахронија".* Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", 29-30 септември 2022 г.

## 3. Факултетско-административна актива

- Претседател на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје за 2020/2021 година
- Член на редакцијата за подготовка на брошурата по повод 100 години Конески, 2021 г.

## 4. Вонфакултетски активности

- Член на комисијата за странски издавачи при Министерството за култура
- Член на редакцијата на списанието „Културен живот"

**ИЗВЕШТАЈ**

на проф. д-р Владимир Мартиновски

за активностите во учебната 2021-2022 година

## 1) Наставна дејност

Во извештајниот период на првиот циклус студии учествував во наставата по следниве предмети во рамки на макропредметот *Компаративни поетики*:

зимски семестар

- Европски антички поетики (4+0) во прв семестар
- Поетика на класицизмот (4+0) во трет семестар

летен семестар

- Поетика на ренесансата (4+0) во втор семестар
- Книжевноста и ликовните уметности (4+0) во четврт семестар

По сите предмети програмата беше целосно реализирана хибридно (преку платформата ЗУМ и со физичко присуство), а студентите беа ангажрани и преку редовно пишување есеи, домашни работи и семестрални трудови.

Во рамките на наставата по предметот Книжевноста и ликовните уметности со студентите посетивме и десетина изложби, за кои пишуваа есеи. По сите предмети редовно беа одржувани и консултации, а и менторска работа со студентите по изборниот предмет Античката и современата книжевност (2+0) и Креативно пишување (2+0). Во рамките на предметот Креативно пишување, по иницијатива на студентите, беа одржани и неколку онлајн средби со македонски писатели (Лидија Димковска, Румена Бужаровска и Ѓоко Здравески).

На вториот циклус студии, го менторирав магистерскиот труд „Вербалната и визуелната нарација во франкофонската илустрирана книжевност за деца", изработен од Ника Гавровска, а одбранет на 30.6.2022 година. На третиот циклус одржував менторски консултации со кандидатката Каљтрине Садику.

**2) Научна дејност**

**А) Книга - монографија**

- Мартиновски, В. *Век со Конески, мигови со Блаже – компаративни читања на поезијата на Блаже Конески,* Скопје: Бегемот, 2022, стр. 303.

**Б) Приредени книги**

- Гелевски, Н. и Мартиновски, В. прир. *Џинџуџе во земјата на афионите – антологија на македонскиот краток расказ,* Скопје: Темплум, 2022. стр. 368.
- Мартиновски, В. прир. *Музика, секогаш и уште – поезијата во дијалог со музиката* (антологија), Струга: СВП, 2022, стр. 315.

**В) Статии и поговори**

- „Георги Старделов – астроном на македонското поетско небо", во: *Манускрипт 1-2,* Скопје: МАНУ, 2021, 49-54.
- „Неколку паралели меѓу поетските светови на Блаже Конески и Јан Скацел", во: *Манускрипт 1-2,* Скопје: МАНУ, 2021, 91-102.
- „Раскошна книга за бунтот и драгоценоста на поезијата – кон *Виола арсеника* од Влада Урошевиќ", во окно, 2021. https://okno.mk/node/91104
- „Кога бајката се претвора во роман", поговор во книгата *Невестата на змејот* од Влада Урошевиќ, Скопје: Арс Ламина, 2021, 185-191.
- „Поетскиот свет на Катица Ќулавкова", во: *Прилози на оделението за лингвистика и литературна наука.* (2, XLVI), Скопје: МАНУ, 413-430.
- „Психолошки времеплов за секој ден од годината (кон *Еден сив мартовски ден* од Тања Урошевиќ)" во *Културен живот 3-4,* 2021.
- „Игра над игрите", поговор кон книгата *Тромбот* од Оливера Николова, Скопје: Арс ламина, 2022, 267-271.
- „Читач на светот", поговор кон книгата *Ноќно небо* од Александар Маџаровски, Скопје: ПНВ, 2022, 77-79.
- „Големината на малите луѓе во расказите на Лилјана Пандева", поговор кон книгата *Луѓенца* од Лилјана Пандева, Скопје: ПНВ, 2022, 103-106.

- „Поетика на патувањето, патување на поет(ик)ите", во Блесок бр. 145-146. https://blesok.mk/mk/литература/есеи/поетика-на-патувањето-патување-на-пое-3/

**Г) Учества на научни собири**

- „Развојниот пат на катедрата за општа и компаративна книжевност", Конференција *Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век,* 15-16 октомври 2021 година.
- „Симбиозата меѓу научните и поетските преокупации на Билјана Ангеловска", Конференција *Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век,* 15-16 октомври 2021 година.
- „Поетите пред тајните на визуелниот хумор: Ш. Бодлер и Б. Конески за карикатурата", *Меѓународен научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет".* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 13-14 декември 2021 г.

**2) Други активности**

**А) Факултетско-административна актива**

- Раководител на катедрата за општа и компаративна книжевност
- Претседател на Организацискиот одбор за одбележување на јубилејот 40 години од основањето на катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ
- член на Деканатската управа

**Б) Вонфакултетски активности**

- амбасадор на наградата за млади преведувачи „Вавилон"
- модератор на книжевниот клуб на EU House во Скопје
- предавач на Семинарот за македонски јазик, литература и култура (30.8.22)

- член на Управниот одбор на СВП
- член на Претседателството на ДПМ
- член на Управниот одбор на Светската асоцијација за семиотика
- претседател на македонската комисија за Европската награда за литература 2022
- член на комисијата за наградата „Успешни млади"
- член на редакциите на „Културен живот", „Блесок" и „Книжевни елементи"
- учесник на меѓународни книжевни манифестации: Европска награда за литературата (Франција), Поетски воз (Турција), Ратковиќеви вечери на поезијата (Црна Гора), СВП, Скопски поетски фестивал, Артареа
- промотор на десетина книги

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 година**

на д-р Марија Ѓорѓиева Димова, редовен професор на

Катедрата за општа и компаративна книжевност

**Наставна актива**

**Прв циклус студии**:

Во извештајниот период изведував настава по предметите *Теорија и методологија на книжевноста*, поточно курсевите:

**Задолжителни:**

- Теорија на книжевноста 1 и 2 (4+0) во I и II семестар;
- Теорија на книжевни дискурси 1 и 2 (4+0) во V и VI семестар;

**Изборни:**

- Историографска метафикција (2+0) (зимски семестар)
- Толкување современи драмски текстови (2+0) (пролетен семестар)
- Романтизам/реализам: преиспитување на границите (2+0) (пролетен семестар), кореализатор со проф. д-р Лидија Капушевска –Дракулевска.

**Втор циклус студии:**

Во зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година беше одржана и наставата по изборниот предмет *Книжевност и историја* (изборен) на насоката Наука за книжевност.

Наставата на прв и втор циклус студии беше реализирана онлајн, преку платформата ZOOM.

Во извештајниот период бев член на комисија за одбрана на два дипломски труда: *Орфизмот и симболистичко-модернистичките реминисценции во лирскиот опит на Ацо Караманов*, изработен од Елена Карпузовска и *Поетика на градот: Скопје низ модернистичка и постмодернистичка визура*, изработен од Доротеа Огненовска.

**Научна актива**

**Список на објавени трудови:**

*Статии во зборници и списанија:*

1. Audiatur et altera pars! (ексцентризмот во современиот македонски роман), *FLUMINENSIA: časopis za filološka istraživanja*, Filozofski fakultet Sveucilista u Rijeci, 2021, Vol. 33(1). https://doi.org/10.31820/f.33.1.4, str. 239-253.

2.Кој се плаши од ликот „лош"? *Филолошки студии/Philological Studies*, Институт за македонска литература на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за книжевност и уметност во Белград, Филолошки факултет на Универзитетот во Перм, Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет на Универзитетот во Загреб. 2021, 19:(2), стр.1-16.

3. Јавната историја во наративниот ретровизор на приватната историја (*Остатоци од денот* на Казуо Ишигуро), *Спектар*, Скопје: Институт за македонска литература, 2021, бр. 77, стр.187-202.

4.Лирскиот од (по)меѓу границите. *Прилози/Contributions*, Скопје: МАНУ, 2021, XLVI(2), стр. 399–416.

5.Романескен омнибус (кон романот *Скриени желби, немирни патувања* на В.Јанковски), Стремеж, 2021, бр.1.

6.Метафикција, историографска метафикција, типолошки аналогии, интертекст, хипертекст, транстекстуалност, цитатност, страв од влијание – одредници во *Поимник на книжевната теорија*, прир, К.Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2022.

7. Металирските варијации во поезијата на Блаже Конески, *Зборник од XLVIII МЕѓународна научна конференција на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски ајзик, литература и култура,* Скопје: УКИМ, 2022, стр. 498-515.

8. „Книгата-како-свет": романескните онтостратегии на Митко Маџунков, *Палимпсест*, Филолошки факултет при УГД, 2022, *7*(13), стр.153-165.

9. (По)трагите на минатото (кон *Човекот во црвениот капут* на Џ.Барнс), *Спектар*, Скопје: Институт за македонска литература, 2022, бр. 79, стр.167-185.

10. Метафициските зони во книжевноста (кон *Скопје во високата зона* на К.Малеска), блен.мк, 2022

**Учества на научни собири**

1. Компаратистичкото портфолио на Катица Ќулавкова, реферат на *Меѓународната научна конференција Предизвиците на компаратистиката во 21 век* (15-16.10.2021), Скопје (онлајн)

2. Романите на Гоце Смилевски како апокрифна историја, реферат на *LIX меѓународна научна конференција Македонскиот јазик и македонската литература и култура наспроти другите јазици, литератури и култури*, Охрид (5-6.9. 2022).

3. *Обвинета: Вјера Гран* како апокрифна историја, реферат на Меѓународниот научен славистички собир*:Славистиката во синхронија и дијахронија* (29-30.2022), Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје.

**Други активности:**

- Член на жири-комсијата за доделување на наградата за најдобар студентски есеј на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје
- Член на жири-комисија за доделување на наградата „Браќа Миладиновци" за најдобра поетска книга во рамки на *Струшките вечери на поезијата*
- Рецензент на статии од областа на книжевноста во меѓународното научно списание *Филолошки студии/Philological Studies Филолошки студии/Philological Studies/Filološke pripombe/Филологически заметки/Filološke studije,* Скопје:Универзитет „Св. Кирил и Методиј"/Пермский госудраственный университет/Univerza v Ljubljani/Sveučilište u Zagrebu/Институт за књижевност и уметност, Београд.

- Рецензент на статии од областа на книжевноста во меѓународното научно списание *Палимпсести/Palimpsests,* Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип.
- Член на Надзорен одбор на Здружението за компаративна книжевност.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КРИСТИНА Н. НИКОЛОВСКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.10.2021 Г. ДО 01.10. 2022 ГОДИНА**

## 1. НАСТАВА

Зимски семестар:

Компаративни поетики: Поетика на имагинарното и митот 1 (60+0)

Книжевна херменевтика со креативно пишување 1 (60+0)

Летен семестар:

Компаративни поетики: Поетика на имагинарното и митот 2 (60+0)

Книжевна херменевтика со креативно пишување 2 (60+0)

Книжевност и антропологија (30+0)

### Работилници и научно-истражувачки проекти

20-21.09. 2022 г. Max van der Stoel Institute. Обучувач на новинари и медиумски работници на работилница за медиумска писменост.

01.06.2022 – Раководител на меѓународниот проект „Воведување на медиумската писменост за идните филолози". Проектот е поддржан во рамки на програмата „Младите размислуваат" на Американската агенција за меѓународен развој (USAID), а го спроведуваат Меѓународниот одбор за истражување и размена (ИРЕКС) во соработка со локалните партнери – Македонскиот Институт за Медиуми, Институтот за Комуникациски Студии и Младинскиот образовен форум.

**ПРОФ.Д-Р СЛАВИЦА СРБИНОВСКА**

РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА, КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ И КНИЖЕВНА ХЕРМЕНЕВТИКА ПРИ **КАТЕДРАТА ЗА ОПШТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ**

**Наставна актива**:

Во текот на учебната 2021 - 2022 година редовно е одржувана настава согласно Ковид мерките и одлуката за онлајн реализацијата на часовите на првиот циклус студии по задолжителните предмети Теорија и методологија на книжевноста:Теорија на фикција 1 и Теорија и методологија на книжевноста:Теорија на фикцијата 2, потоа по предметите Компаративни поетики: Книжевност, филм и култура, Теорија и методологија на книжевноста: Рецепција, книжевност, култура, додека пак од изборните предмети е одржувана редовно настава и консултации по предметите Книжевност и филм (зимски семестар), Книжевност и политика (летен семестар) според програмата акредитирана во 2013г, а во летниот семестар е одржувана настава по предметот Компаративни поетики:Книжевност, филм и култура, Книжевност и политика (зимски семестар) кои се активни во семестри определени според акредитација на програмата од 2018г., потоа се одржуваа консултации по изборниот предмет Усмена, популарна, постмодерна книжевност и култура (активен според програмата од 2013г во летниот семестар.).

Со наставните активности е реализирана редовната испитна сесија по горенаведените предмети во септември 2021г, во јануари , во јуни и во септември во 2022година.

Во рамки на вториот циклус е реализирана редовна настава по задолжителниот предмет Современи теории и толкувања:книжевност, медиуми и култура, како и по предметот Техники на научна работа. Испити по истите предмети се реализирани во текот на јуни и септември. Во декември 2021 година под мое менторство кандидатот на постдипломски студии Дарко Митевски пријави магистерска теза под наслов „Бекетовата апстрактна машина: толкување на прозната трилогија на Семјуел Бекет преку филозофијата на Жил Делез и Феликс Гатари“. Во месец мај кандидатката Ивана Лозаноска го одбрани под мое менторство магистерскиот труд под наслов „За тоталитаризмот и геноцидот низ призмата на филозофијата на Хана Арент во романите ’Читачот’ од Бернхард Шлинк, ,’Бел хотел’ од Д. М. Томас и ,’Парите од Хитлер’ од Радка Денемаркова“ (29.05.2022).

На трет циклус студии во својство на раководител ги обавуав сите административни активности, а во својство на професор одржувана е настава и испити по предметите Аспекти на времето, просторот и нарацијата и Идеологија, книжевност, медиуми и култура. Како ментор на пријавената теза на кандидатката Ајлин Карахасан ги реализирав сите активности поврзани со нејзината работа врз трудот „Историја и роман:сликата за османлиите во наставната програма по литература во балканските земји“, го рецензирав нејзиното реферирање на третата годишна конференција при докторската школа на УКИМ, го менторирав предлогот за работа врз докторски труд на кандидатката Фљорентина Фетахи „Аналогии во творештвото на Аријан Лека и Франц Кафка“ кој беше презентиран на првата годишна конференција при докторската школа на УКИМ, а врз основа на предлогот, кандидатката работисо консултации врз елаборатот за докторската теза .

Сите кандидати во рамки на третиот циклус студии се темелно насочувани, а при тоа е оценувана нивната активност во рецензии и приложувани извештаи за сите тековни годишни конференции во зимскиот и во летниот семестар во рамки на школата за докторски студии на УКИМ.

2. **Научна актива**

2021-ФИЛОЗОФСКИ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ, Филозофско друштво на Македонија, *Ретроспектива на творештвото на Андреј Тарковски,* предавање и дебата за филмот „Огледало" (1975).

„Постмодернистичкиот дискурс во нарацијата на расказот 'Одмор' од Владимир Сорокин, Славистички студии 21, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ 2021. 259-281.

„Дијалошката имагинација во наративната структура на романот Големата зелена пустелија од Жоао Жуимареуш Роса,Годишен зборник, бр.46, 2020. Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ,Скопје, стр.51-65.

„ Тажачките песни во опусот на народни умотворби забележани од Марко Цепенков, МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" – СКОПЈЕ МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО: МАРКО ЦЕПЕНКОВ , МАРКО ЦЕПЕНКОВ, МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА КУЛТУРА И ФОЛКЛОРИСТИКАТА СКОПЈЕ 2021, Приредувач: Катица Ќулавкова, 163-185.

„Рефлексии за Кафка и правото", (со Маја Бојаџиевска и Ирина Талевска), *Современа филологија,* Vol 4 No 2 (2021): Journal of Contemporary Philology (JCP),Online ISSN 2545-4773; Print ISSN 2545-4765, Published: 2021-12-17,59-76.

„Блаже Конески во *светот на песната и легендата*", Зборник на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура од XLVIII меѓународна научна конференција, 3 и 4 септември 2021 година во Охрид, XLVIII меѓународна научна конференција Охрид, 3 и 4 септември 2021, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, 2022, стр УКИМ, 2022. 462-479.

Монографија: СРЕДБА НА КУЛТУРИТЕ, Скопје, Сигмапрес 2022.

„Блаже Конески како компаратист,"(со проф.д-р Маја Бојаџиевска) МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СОБИР „100 ГОДИНИ БЛАЖЕ КОНЕСКИ И 75 ГОДИНИ ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ", 13-14 декември 2021 г.

"On the Interaction of Cultures through the Prism of Lotman's Theory of Semiospheres", the International Congress "Juri Lotman's Semiosphere" taking place on 25–28 February 2022, Tallinn & Tartu, Estonia via Zoom.

"THE STORY IN THE FILM „BEFORE THE RAIN" BY MILCO MANCEVSKI", THE INSTITUTE OF SLAVIC STUDIES OF UNIVERSITY OF WROCŁAW invites you to Wrocław on 21-22 October 2021 to the 5TH INTERNATIONAL INTERDISCIPLINARY CONFERENCE SLAVDOM PAST AND PRESENT LANGUAGE, LITERATURE, CULTURE (во печат).

"Dementia, Disability, and the Unreliable Narrator in Florian Zeller's "Father"" Zoom Conference *Narrative, Media and Cognition* titled "RECONFIGURATIONS: New narrative challenges in moving images", The 2021 edition of the conference is hosted by the Theatre and Film School of the Lisbon Polytechnic Institute, in Portugal, in association with the WG of the Audiovisual Narratives of AIM - The Moving Image Association in Portugal, The 14th and 16th of October 2021, via Zoom.

*On the Otherness of Man in the Context of Fiction by Agnieszka Holland and Olga Tokarczuk*,3 rd International Conference of the Department of English Language and Literature: English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice (ESIDRP), April 7-9 th , 2022, Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, R. N. Macedonia via Zoom.

*The Role of the Memory and Representation of the Space in the Orhan Pamuk's "Istanbul, Memories*, "The Place of Memory and the Memory of Place" International Conference Oxford/Online: 17-19 June 2022, London Centre for Interdisciplinary Research.

ERASMUS MUNDUS VISITING SCHOOLAR, TUBINGEN UNIVERSITY, 2021.

"THE CONCEPT OF 'LIVING BETWEEN' THE CULTURES AND LITERATURES IN THE CONTEXT OF THE CONTEMPORARY COMPARATIVE LITERATURE EDUCATION , XXIII Triennial Congress of the AILC/ICLA, to be held in Tbilisi, Georgia, and also online from July 24-29, 2022. **"Presidents' Session: Panel with Presidents of National Association"** ( President of the Association of Comparative Literature of Macedonia, North Macedonia).

„Интертекстуални и интермедијални односи: „Вујко Вања“ од А.Чехов и „Вози го мојот автомобил“ од Рјусуке Хамагучи и Хураки Мураками, МЕЃУНАРОДЕН СЛАВИСТИЧКИ НАУЧЕН СОБИР, „СЛАВИСТИКАТА ВО СИНХРОНИЈА И ДИЈАХРОНИЈА“, Филолошки факултет, „Блаже Конески“, 29.-30.09.2022, Скопје.

„Гледните точки во расказот „Дамата со кученцето“ од Антон Павлович Чехов, Славистички студии 22, 2022 (во печат).

**Факултетско-административна актива**

Раководител на трет циклус докторски студии на насоката за наука за книжевност од јаунари 2020 година, член на Наставно-научен совет.

Претседател на Здружението за компаративна книжевност на Македонија со седиште при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.